лабораторија avicena

ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА
❖ЛОКАЦИЈА 1 Бул. 8 Септември бр. 2, лок. 1, 1000 Скопје;
тел: 02 3179 001; lab@avicenalab.com.mk
ЛОКАЦИЈА 2 Бул. Јане Сандански бр.48, 1000 Скопје; тел: 02 2477 345;
lab2@avicenalab.com.mk
ЛОКАЦИЈА 3 ул. Благоја Тоска бр.222, 1200 Тетово; тел: 044 355 550, 044 355 551;
labtetovo@avicenalab.com.mk

# ХДЛ + ЛДЛ холестерол

| | |
|---|---|
| **За тестот:** | Тест за одредување концентрација на ХДЛ и ЛДЛ холестерол |
| **Примерок:** | Венска или капиларна крв. |
| **Подготовка пред земање примерок:** | За повеќето лабораториски испитувања на крвта неопходна е припрема која подразбира земање на примерок ( на празен стомак ) наутро, 12 часа од последниот оброк. Ова е неопходно затоа што консумацијата на храна во периодот пред земањето крв доведува до пораст на концентрацијата на глукоза, холестерол, липиди, протеини, железо и други метаболити.<br><br>За да се добијат веродостојни резултати, во договор со лекарот, вадењето крв треба да се прави после прекин со терапијата и wash out периодот ( времето неопходно целиот лек да се исфрли од организмот и реално се одредат нови базални вредности ). Ова особено се однесува на терапија со железо, витамински препарати, хормонска терапија и др. |
| **Забелешка:** | Холестеролот е супстанца (стероид) којшто е неопходен за животот. Тој е составен дел од мембраните на сите клетки во ткивата и органите. Исто така, преставува дел и од хормоните за раст, развој и репродукција, како и дел од жолчните киселини кои се неопходни во варењето на храната. Мала количина од холестерол циркулира во крвта во облик на комплекси наречени липопротеини. Секој комплекс е комбинација од протеин, фосфолипид, холестерол и триглицерид, и во зависност од густината се класифицирани во ХДЛ, ЛДЛ и ВЛДЛ. ХДЛ (добриот холестерол) го носи вишокот на холестерол за отстранување. ЛДЛ (лошиот холестерол) го депонира холестеролот во ткивата и органите. Тестот за холестерол во крвта го мери тоталниот холестерол (ЛДЛ и ХДЛ). Следењето и одржувањето на добрите нивоа на холестерол е неопходно за здравјето на организмот. Вишокот на холестерол може да доведе до создавање на наслаги на крвните садови, кое доведува до стеснување на крвните садови, нивно зацврстување (атеросклероза) и ризик од бројни нарушувања, меѓу кои инфаркт и мозочен удар. |